# Програма
# за соработка на Универзитетот со стопанството

Една од дефинираните стратешки насоки за идниот развој на УКЛО- Битола е интензивирањето на соработката со стопанството. Оттука и се наметнува потребата за донесување програма за развој на овој вид соработка во којашто ќе се дефираат целите, домените, формите, димензиите и динамиката на соработката на Универзитетот и стопанството. Донесувањето на оваа Програма зборува за намерата на Универзитетот да му се посвети на ова стратешко прашање, но исто така и на конкретен начин, преку воспоставување на институционални механизми да може да реализира имплементирање на различни форми на соработка помеѓу Универзитетот и стопанството. Реалната потреба за развојот на оваа соработка произлегува од несомнениот и нагласен заеднички интерес како на Универзитетот така и на стопанството. Овој взаемен интерес кореспондира со барањата на современото општество во коешто успешните економии и бизниси го темелат својот развој на знаењето, додека пак, квалитетот на високото образование во голема мера зависи од неговата способност да нуди конкретни превентивни и излезни решенија за проблемите на современата општествено-економска стварност. Само во таква спрега Универзитетот ќе ја оправда својата општествена мисија и одговорност. Само на таков начин Универзитетот ќе може да смета дека е дел од семејството на модерни и развиени универзитети.

Визијата на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола е да биде токму таков универзитет. Програмата за развој на соработката со стопанството заедно со другите слични активности треба да придонесе за акцелерација на развојните процеси во Универзитетот и за неговиот натамошен исчекор кон подобар квалитет и поперспективна иднина. Во таа смисла оваа Програма за соработка со стопанството има и пошироки димензии и цели заради што во себе ќе инкорпорира дијапазон на прашања коишто значат посеопфатен пристап на оваа проблематика односно нејзино поврзување со комплементарни и взаемно зависни прашања и проблеми поврзани со неа и со синергетските ефекти од нејзината имплементација.

Во тој контекст главните цели на оваа Програма се следниве:

1. Развој на соработката на Универзитетот и стопанството во процесот на креирање и реализација на студиските и предметните програми;
2. Развој на соработката на Универзитетот и стопанството на планот на континуираното образование за потребите на стопанството;
3. Развој на соработката на Универзитетот со стопанството на планот на развојната и апликативната дејност за потребите на стопанството;
4. Финансиска подршка на стопанството за развојот на наставнообразовната и научноистражувачката дејност на Универзитетот;
5. Воспоставување и развој на соработка помеѓу Универзитетот, стопанството и локалните самоуправи во функција на локалниот економски развој;

6. Воспостување и развој на соработката на Универзитетот со стопанството на планот на професионалниот развој, стипендирањето и вработувањето на дипломираните студенти;
7. Воспоставување и развој на институционални форми за реализација на соработката помеѓу Универзитетот и стопанството.

Реализацијата на секоја од овие цели посебно и на сите нив заедно како интегиран концепт на меѓусебно поврзани и взаемно зависни цели ќе се одвива на организиран начин и преку различни форми за нивна имплементација.

1. ***Развој на соработката на Универзитетот и стопанството во процесот на креирање и реализација на студиските и предметните програми***

Рализацијата на оваа фундаментална цел во процесот на развојот на соработката на Универзитетот со стопанството ќе се одвива низ следните форми :

А. Воспоставување и развој на механизми за учество на стопанството во процесот на креирање и трансформација на студиските и предметните програми согласно со потребите на претпријатијата.

Б. Воспоставување и реализација на практична работа во претпријатија и институциите за студентите од завршните години на пооделните единици во состав на Универзитетот во согласност со интересите, афинитетите и постигнатите резултати на студентите.

В. Воспоставување и развој на пракса за учество на врвни менаџери и други истакнати стручњаци од стопанството во реализацијата на наставнообразовниот процес.

Г. Организирање на денови за претставување на одредени претпријатија и врвни менаџери (мојата успешна приказна) пред студентите од високообразовните установи на Универзитетот.

Д. Организирање посети за студентите од единиците на Универзитетот на поодделни претпријатија и нивно запознавање со реалната економија и начинот на функционирање на бизнисите.

Ѓ. Воспоставување соработка со претпријатијата и институциите во врска на изработката на семинарските и дипломските работи, како и на магистерските тези и докторските дисертации на студентите за конкретни теми од стопанските дејности

.

***2. Развој на соработката на Универзитетот и стопанството на планот на континуираното образование за потребите на стопанството***.

Денес, учењето во текот на целиот живот претставува една од најважните претпоставки на успех на поединецот. Брзото застарување на стекнатото знаење ја наметнува потребата од континуирано образование. Имајќи го предвид тој факт, Универзитетот ќе формира центар за континуирано образование во рамките на

којшто ќе биде реализирана дополнителна едукација за потребите на стопанството и тоа низ следниве форми:

А. Организирање тематски советувања и семинари за вработените во стопанските претпријатија и институциите;

Б. Организирање различни видови школи и курсеви за вработените во стопанските претпријатија и институциите;

В. Обезбедување можности за продолжување на студиите или преквалификации за вработените во стопанските претпријатија и институции.

***3. Развој на соработката на Универзитетот со стопанството на планот на развојната и апликативната дејност за потребите на стопанството***

Изготвувањето развојни и апликативни проекти претставува значаен дел од основната дејност на Универзитетот. Во овој контекст соработката со стопанството има суштествено значење за успешното остварување на научноистражувачката функција на Универзитетот. Конкретните форми на соработката во овој домен ќе бидат следниве :

А. Изготвување развојни проекти за ефикасна алокација и реалокација на факторите на производство;
Б. Изготвување апликативни проекти за решавање на конкретни проблеми во процесите на производството, распределбата, размената и потрошувачката на произведените добра и услуги;
В. Изготвување различни видови анализи и истражувања на пазарот;
Г. Формирање различни видови на советодавни тимови од експерти за пооделни области пред се лица вработени во Универзитетот и давање советодавни услуги на менаџментот на заинтересираните компании;
Д. Заедничко учество во подготвувањето на проекти за апликација на претпријатијата заради добивање и користење на одредени средства од страна на меѓународните финансиски и други институции и организации од национален, регионален или меѓународен карактер.

***4. Финансиска поддршка на стопанството за развој на наставнообразовната и научноистражувачката дејност на Универзитетот***

Финансиската подршка на Универзитетот од страна на стопанството треба да биде заснована врз интересот на претпријатијата за кофинансирање на развојот и дејноста на Универзитетот и истата би се реализирала преку :

А. Основање на посебен фонд за финансиска подршка на Универзитетот од страна на заинтересирани претпријатија и организации при што средствата од овој фонд би се користеле наменски и исклучиво за подобрување на условите за остварување на високообразовната дејност;
Б. Финансиска подршка во реализацијата на одредени проекти на универзитетот за чиешто реализирање постои конкретен интерес од одредени

претпријатија при што особено треба да се стимулира учеството на студентите во ваквите проекти.
В. Формирање на посебен фонд за финансиска подршка на најдобрите студенти од страна на заинтересирани претпријатија и организации.

***5. Воспоставување и развој на соработката помеѓу универзитетот, стопанството и локалните самоуправи во функција на локалниот економски развој***

Остварувањето на оваа цел ќе се реализира преку следните форми :

А. Потпишување договори за соработка со стопанските комори.
Б. Потпишување договори за соработка со локалните самоуправи од југозападниот регион на Република Македонија.
В. Потпишување договори за соработка со национални и меѓународни невладини развојни организации и фондации.
Г. Учество на Универзитетот во осмислувањето и реализацијата на национални и меѓународни проекти за поддршка за локалниот и регионалниот економски развој и прекуграничната соработка;
Д. Учество на Универзитетот во изработката на стратегијата и програмите за локалниот економски развој и ефикасна реализација на процесот на децентрализација.

***6. Воспоставување и развој на соработката на Универзитетот со стопанството на планот на професионалниот развој , стипендирањето и вработувањето на дипломираните студенти***

Професионалниот развој на студентите претставува перманентна грижа и заложба на УКЛО – Битола. Со развојот на соработката со стопанството во овој мошне важен домен од дејноста на Универзитетот можностите за професионалниот развој на студентите значително ќе се подобрат при што главните форми преку кои што тоа ќе се реализира се планира да бидат следните :
А. Организирана поддршка и грижа за професионален развој на студентите ;
Б. Поврзување на студентите со бизнис секторот;
В. Стипендирање на студенти од страна на бизнис секторот;
Г. Организирање денови на кариера најмалку еднаш годишно во секоја единица на Универзитетот;
Д. Организирана помош на студентите при нивното аплицирање, интервјуирање и друго при нивното вработување;
Ѓ. Организирано доставување информации на бизнис секторот и на другите заинтересирани субјекти од бизнис секторот за активните и дипломираните студенти;

***7. Воспоставување и развој на институционални форми за реализација на соработка помеѓу Универзитетот и стопанството***

Воспоставувањето на институционалните форми за реализација на соработката помеѓу Универзитетот и стопанството има пресудно значење за имплементацијата на програмата за соработка. За таа цел се планира следново:

А. Формирање Центар за соработка со стопанството на ниво на Универзитетот со негови канцеларии во единиците на Универзитетот;
Б. Формирање Центар за професионален развој на студентите на ниво на Универзитет со канцеларии во секоја единица на Универзитетот;
В. Формирање Координативно тело на ниво на Универзитетот во коешто ќе учествуваат претставници на Универзитетот, бизнис секторот, локалните самоуправи и на стопанските комори со назначување одговорно лице од Ректоратот;
Г. Формирање Координативно тело на ниво на секоја единица на Универзитетот со назначување одговорно лице од единицата на Универзитетот;
Г. Воспоставување механизми за координација на релација Ректорат – единици на Универзитетот, како и Ректорат – стопанство - локални самоуправи.

### *8. Динамика на реализација на Програмата за соработка со стопанството*

Програмата за соработка со стопанството ќе се имплементира во согласност со приоритетните и реалните можности за нејзина ефикасна релизација. За таа цел на почетокот на секоја академска година Универзитетот и единиците на Универзитетот ќе имаат обврска да донесуваат годишни оперативни програми во коишто ќе бидат предвидени конкретните активности, извршители и рокови на реализација на Програмата за соработка со стопанството.